Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (``Сл..весник на РМ`` бр.5/02), член 10, член 14, член 16 и член 20 од Законот за урбанистичко планирање (``Сл.весник на РСМ`` бр. 32/20, 111/23), и член 28 став 1 точка 7 од Статутот на општина Долнени (``Сл.гласник на општина Долнени``бр.10/19), Советот на општина Долнени на ден _____2024 год. донесе:

Предлог П Р О Г Р А М А

за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска и урбанистичко-проектна документација за општина Долнени во 2025 година

1. Со оваа програма се предвидува изработка на **Урбанистички план за село** , за следниве населени места во општина Долнени: Долнени, Житоше, Црнилиште, Десово, Пешталево, Секирци, Сенокос, Дупјачани, Небрегово, Дреновци, Браилово, Новоселани, Заполжани, Бело Поле, Вранче, Сарандиново, Локвени, Гостиражни, Забрчани, Кошино, Костинци, Строви ја, Слепче, Мраморани, Горно Село, Кутлешево, Рилево, Средорек, Зрзе, Сливје, Маргари и Долгаец.

- Со оваа Програма се обезбедува продолжување на сите започнати и превземени активности во врска со донесување на урбанистички планови, урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации предвидени во Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Долнени за 2024 година, кои ќе се водат согласно најновата законска регулатива од оваа област;
- се предвидува изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на спортско-рекреативен центар, фудбалски стадион со придружни содржини на дел од КП бр.1082/1, КО Лажани, на м.в.Шембела, општина Долнени;
- се предвидува изработка на Урбанистички проект за линиска инфраструктура за изградба на тротоари со придружни содржини во н.м.Ропотово, општина Долнени;

Секое правно и физичко лице може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови или за нивна измена, преку системот е-урбанизам или во писмена форма.

Секоја прифатена иницијатива од страна на Комисијата за урбанизам се доставува до Советот на општината.

Во Годишната програма ќе влезат сите одлуки за изработка на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации кои ќе ги одобри Советот на општината.

3. Советите на општините со седиште во село донесуваат:

- Урбанистички план за село и
- Урбанистички план вон населено место.

4. Во Годишната програма ќе влезат сите Одлуки за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации, со кои ќе се изврши вклопување

на бесправно изградените објекти за кои е донесено решение за утврдување на правен статус, согласно член 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11, бр. 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17, 174/21).

5. Финансирањето на постапките за изработката и донесување на урбанистичките планови, урбанистичко-планските и урбанистичко-проектните документации ќе се врши на сметка на барателот на истите.

Потребните средства за финансирање на постапките за изработката и донесување на урбанистичките планови и урбанистичко-планските и урбанистичко-проектните документации иницирани од страна на општината ќе се обезбедат од средствата собрани од надоместокот за уредување на градежно земјиште, надоместокот за вклопување на бесправно изградени објекти, од средства од оттуѓување на државно градежно земјиште, други средства од буџетот на општината и буџетот на РСМ како и средства од самофинансирање на правни и физички лица.

6. Во Годишната програма ќе влезат сите урбанистичко-проектни документации по претходна согласност од страна на Советот на општина Долнени.

7. Во Годишната програма ќе влезат сите архитектонско-урбанистички проекти кои ќе се изработуваат врз основа на извод од важечките урбанистички планови и урбанистичко-планските документации.

8. Оваа Програма може да се изменува и дополнува доколку се појави потреба од тоа.

9. Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во ``Службен гласник на општина Долнени``.

Претседател на Советот
на општина Долнени
Хусеин Хасановиќ